Месечен е-билтен на Секретаријатот за европски прашања
Влада на Република Македонија
Септември 2015

# Оддржана регионална конференција во Црна Гора




Вицепремиерот Бесими во своето обраќање потсети дека Република Македонија беше првата земја од регионот која ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација и досега има добиено шест последователни препораки за отпочнување на преговорите за членство, иако се уште нема добиено датум за преговори.Тоа имаше влијание на реформите поврзани со ЕУ, особено во последните две години. Со неодамна обновениот политичкиот дијалог во земјата и покрај сите предизвици, фокусот за членство во ЕУ, а со тоа и реформите во тој процес, остануваат приоритет. Состанокот за Претпристапниот дијалог на високо ниво, е дополнителен сигнал за посветеноста на европската интеграција.повеќе

## Работна посета на Брисел

На состаноците се разговараше за последните случувања во земјата почнувајќи од постигнувањето на политичкиот договор, спроведувањето на нацрт планот на активности за реализација на итните реформски приоритети како и впечатоците од Пристапниот дијалог на високо ниво, кој се реализираше во Скопје.
Вицепремиерот Бесими ја истакна улогата на Европската Комисија како стратешки партнер на земјата во процесот на европската интеграција и нагласи дека сега повеќе од било кога е потребна одлука од Советот со која ќе се даде јасна ЕУ перспектива за земјата и одлука за започнување на пристапните преговори, или со Поглавјата 23 и 24 во ова фаза.повеќе

## Предавање на унгарскиот експерт г. Залаи Чаба во Секретаријатот за европски прашања



"Од подготовката на Извештајот за напредокот до донесувањето на заклучок на Советот: годишниот циклус на пакетот за проширување на ЕУ, од перспектива на земја-членка" е темата на која г. Залаи Чаба, унгарски експерт одржа предавање во просториите на Секретаријатот за европски прашања. Воведен збор пред присутните даде Државниот секретар г-ѓа Ана Блажеска и при тоа ја истакна важноста на токму овој временски интервал во целокупниот процес.повеќе

## Регионална работилница за терминологија од областа на ЕУ

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

Работилницата ја отвори државниот секретар на Секретаријатот за европски прашања, г-ѓа Ана Блажеска, која ја истакна важноста за обезбедување квалитетна терминологија поврзана со правните акти на Европската унија како важен предуслов за создавање сигурен извор на идните права и обврски за граѓаните. Главната цел на оваа работилницата е размена на искуство меѓу земјите од регионот на полето на градење на терминологијата од областа на Европската унија, надополнето со стручните совети од претставниците на Европската комисија и од Советот на Европската унија.повеќе

## Билатерални средби



### Вицепремиерот Бесими се сретна со Францускиот државен секретар за европски прашања г. Дезир

Франција ја поддржува Македонија за спроведување на реформите коишто ќе и овозможат на земјата да излезе од политичката криза и да напредне на патот кон приклучување во ЕУ, но исто така се солидаризира со неа и во соочувањето со ургентноста која што ја наметнува мигрантската криза. Најважно при тоа е исполнување на договорот од 2 јуни и 15 јули.Тоа е поракакта која што  ја пренесе државниот секретар за европски прашања во француското МНР Арлем Дезир на прес-конференцијата во Скопје по средбата со вицепремиерот Фатмир Бесими. повеќе



### Средба на вицепремиерот Бесими со министерот на надворешни работи на Босна и Херцеговин а

На средбата се разговараше за последните случувања во земјата почнувајќи од постигнувањето на политичкиот договор, спроведувањето на нацрт планот на активности за реализација на итните реформски приоритети, Пристапниот дијалог на високо ниво кој се реализираше во Скопје, како и брифингот во врска со претстојниот Извештај за напредокот на Република Македонија кој се одржа во Брисел.повеќе

### Остварени средби на вицепремиерот Бесими со новоназначени амбасадори на земји членки на ЕУ во РМ

- Средба на вицепремиерот Бесими со австрискиот амбасадор г-ѓа Ренате Коблер повеќе
- Средба на вицепремиерот Бесими со г. Вилем Вутер Пломп повеќе
- Средба на вицепремиерот Бесими со г-ѓа Данијела Баришиќ повеќе

## Спроведување на реформскиот процес

### Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата

Собранието на Република Македонија го усвои Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со кој се изврши делумно усогласување со повеќе ЕУ мерки. Со Законот се предвидуваат нови решенија во делот на оспособување на кандидатите за возачи, возачи, автошколи и испитни центри и возачки дозволи, односно проверка на стручноста на возачите-инструктори. Со предложеното решение се надминува досегашниот начин на спроведување на

возачкиот испит и зголемување на степенот на квалитет на обуката на кандидатите за возачи односно возачите-инструктори.повеќе

## ИПА Прооекти

**"Поддршка за спроведување родова еднаквост"**

**Финансиран од:** ЕУ

**Цел на проектот:** Зголемување на ефикасноста на подготовките на земјата за пристап во ЕУ и да се обезбеди ефикасност на програмите на ЕУ во земјата. Родовата еднаквост е основен принцип на Европската Унија, а унапредувањето на родовата еднаквост и елиминацијата на родово заснованата дискриминација се клучни барања во европското законодавство за родова еднаквост.

**Вкупна вредност:** 900.000 евра

**Времетраење:** Дваесет и еден месец и тоа од мај 2015 до февруари 2017 г.

**Водечки партнер на проектот:** Обединетото Кралство, со поддршка од португалската и романската влада.

**Клучен корисник:** Министерството за труд и социјална политика

## Вести од ЕУ

- План за акција на пазарите на капитал на Унијата и за поддршка на буџетот на ЕУ во бегалската криза
- Европската Комисија ја поздрави агендата на ОН за одржлив развој
- Бегалска криза: Европската Комисија е задоволна со резултатите од самитот
- Европската Комисија ја одреди својата позиција во пресрет на Светскиот хуманитатрен Самит во 2016 година
- Долгорочна невработеност: Европа презема мерки да им помогне на 12 милиони долгорочно невработени да се вратат на работа
- Европски економски и социјален комитет: Именување на нови членови за наредните пет години
- Буџет на ЕУ за 2016 година: Советот подготвен да преговара со Европскиот Парламент
- Биди активен: Започна европската недела на спортот

## Дали сте знаеле дека...?

- 2015 е клучна година за родовата еднаквост и зазајакнување на положбата на девојките и жените во оштеството

- Долгорочната невработеност погодува 12,1 милион луѓе( 5% од активното население на ЕУ), 61% од нив се без работа повеќе од две години
- Во 2014 година, помалку од 40% од илегалните мигранти на кои им беше наредено да ја напуштат ЕУ всушност и ја напуштиле
- 340.000 мигранти и бегалци пристигнале на територијата на ЕУ, во периодот јануари-јули 2015 година. Поголемиот дел се Сиријци и Авганистанци
- Три години по дипломирањто процентот на мажи кои се вработиле е поголем од оној на жените
- 748 милиони луѓе немаат постојан пристап до чиста вода за пиење
- Создавање на целосно функционален дигитален пазар може да го зголеми бруто домашниот производ на ЕУ и до 500 милијарди евра годишно

## Позначајни меѓународни датуми

- 16 октомври - Светски ден храната
- 17 октомври - Меѓународен ден за искоренување на сиромаштијата
- 20 октомври - Светски ден на статистиката
- 24 октомври - Ден на ОН
- 27 октомври - Светски ден на аудиовизуелното наследство

***Ви благодариме***